ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ПРЕПОРАКИ
## за лекарите кои имаат право да препишуваат ортопедски помагала согласно Правилникот за индикациите за остварување право за ортопедски и други помагала

При пропишување на ортопедските помагала лекарите специјалисти и избраните лекари се должни да го почитуваат Правилникот и сите прилози кои се составен дел на истиот. Исто така, при препишувањето на помагалото тие треба да го информираат осигуреникот за начинот за остварувањето на правото на пропишаното помагало согласно Правилникот.

Особено внимание треба де се посвети на:

- потврда за одреден вид на ортопедско помагало може да препише само избран лекар или лекар со специјалност дефинирана во списокот на ортопедски помагала составен дел на Правилникот од здравствена установа со која Фондот има склучено договор во време на препишување на помагалото

- задолжителна примена на образецот - Потврда за потреба од ортопедско помагало објаве во Сл. Весник бр.33 од 17.03.2011 година кој заедно со другите прилози на правилникот се наога на web страната на Фондот, www.fzo.org.mk во делот на Законска регулатива - правилници

- пополнување на Потврдата за ортопедско помагало со сите барани податоци, бидејќи недостигот на само еден, било кој од бараните податоци ќе оневозможи внесување во модулите и одобрување (заверка) на потврдата од страна на рефернтите во Фондот

- на една потврдта може да се препише исклучиво само едно помагало во количини утврдени со Правилникот

- почитување на Правилникот во делот на индикациите, односно почитување на дијагнозите утврдени во списокот на помагала, затоа што модулот за ортопедско

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

помагало оневозможува внес и одобрување (заверка) на потврдата со дијагноза која не се наога на списокот на помагала

- потврда за остварување право на пелени, кеси за колостома, илеостома, уростома, паста и плочки избраниот лекар треба да издаде врз основа на специјалистички извештај не постар од 6 месеци односно 12 месеци за пелени, во спротивно избраниот лекар треба да го упати осигуреникот до специјалист за да го обнови извештајот

- при издавање на потврдата лекарите (специјалисти и избрани лекари) треба да го информираат осигуреникот дека истата е со важност од 30 дена. Тоа значи дека во тој период од 30 дена, од денот на препишувањето на потврдата осигуреникот треба да ја завери потврдата во подрачната служба на Фондот и изврши нарачка во ортопедската куќа со која Фондот има склучено договор.